ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 25 ДАТА 10.08.2018 ГОДИНА 36

ФФМ ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 25 ДАТА 10.08.2018 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ФУТСАЛ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2018/2019 ГОДИНА

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Дополнување на документација од**

**Седница од 03.08,2918 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БЕЛАСИЦА АД„ Струмица: Вујанац Р. Никола од ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица, по член 35/3.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Беласица АД„ Струмица и фудбалерот Вујанац Р. Никола склучија договор за вработување на фудбалер за професионално заниамавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2019 година.

**Седница од 09.08.2018 година**

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Беласица АД„ од Струмица и фудбалерот Шопов Ѓорѓи склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2019 година.

ФК „Беласица АД„ Струмица и фудбалерот Наумчевски Филип склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 6 (шест) месеци до Змски преоден рок 2019 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Дополнување на документација од**

**Седница од 06.08.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПОБЕДА АД„ Прилеп: Киријан Чиназорм Нвбуезе од НК „Горица„ од Ново Место, Република Словенија, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Победа АД„ од Прилеп и фудбалерот Киријан Ч. Нвбуезе склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2020 година.

**Седница од 09.08.2018 година**

- **Регистрација на фудблаери:**

ФК „ВЛАЗНИМИ ЈУНИОР„ с. Пресил: Изеровски Џеват од ФК „Пелагонија„ од с. Пашиноруфци по член 35/3.

ФК „ПОБЕДА АД„ Прилеп: Танушев Д. Ѓорѓи од ФК „Силекс АД„ Кратово, по чл. 35/3.

**Седница од 10.08.2018 година**

- **Склучување догвоор за професионално тренирање:**

ФК „Победа АД„ Прилеп и фудбалскиот тренер Мегленски Р. Тони склучија договор за професионално тренирање фудбал како Асистебнт тренер во времетраење од 2 години.

**Дополнување на седница од 10.08.2018 година**

- **Склучување договор за професионално тренирање:**

ФК „Победа АД„ од Прилеп и фудбалскиот тренер Панов Блажо од Кавадарци склучија договор за професионално тренирање фудбал на сениорската екипа на клубот и Шеф на стручниот штаб во времетраење од 6 (шест) месеци.

## ОШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ
**Седница одржана на ден 10.08.2018 година**

- **Склучување договор за привремено отстапување:**

ФК „Вардар АД„ Скопје, ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје и фудбалерот Марковски Ј. Дејан склучија договор за привремено отстапување на фудбалер во времетраење од 6 (шест) месеци, до Зимски преоден рок 2019 година.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистррирани фудбалери при ОФС „Гази Баба„ фудбалерите: Манчевски С.Ванче, Ватиќ М. Кенан, Терзиев А. Филип, Стојков З. Никола од ФК „Локомотива Бентоекспорт„ од Скопје, Демир Бењамин од ФК „Скопје АД„ од Скопје, Јаќимовски П. Борис, Маркоски Д. Кире од ФК „Работнички АД„ од Скопје, Јахја Абдулхади од ФК „Вардар АД„ од Скопје, Садики С. Ринор, Исмаили Б. Бесиан од ФК „Фортуна 2009„ од Скопје, поради преминување со регистрации на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО
**Дополнување на документација од**
**Седница од 03.08.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕНОВА АД„ с. Џепчиште: Биљали Ш. Лутви од ФК „Eгиниакос„ од Репблика Грција, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште и фудбалерот Биљали Ш. Лутви склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2019 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ
**Седница одржана на ден 09.08.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ССК НОВА„ Скопје: Милососки И.Мики од ФК „Напредок АД„ Кичево, чл.35/3.
Добревски И. Никола по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Кисела Вода„ од Скопје, фудбалерите: Галески С. Иван, Спировски М. Дарко од ФК „Еуромилк ГЛ АД„ од Скопје и Јанковски Д. Дамјан од ФК „Кул Здравје„ од Скопје, поради преминување со регистација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП
**Седница од 08.08.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КИТ ГО ПЕХЧЕВО„ Штип: Галевски З. Иван од ФК „Еуромилк ГЛ АД„ Скопје,чл.35/3.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Марков Б. Ѓорѓи од ФК „Беласица АД„ од Струмица за ФК „Брегалница АД„ од Штип, поради неисправна документација. Седницата е од 07.08.2018 г. а исписницата е од 08.08.2018 г. а брисовницата од 09.08.2018 година. Кога фудбалерот е регистриран, комисијата ги немала исписницата и брисовницата.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСККИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Дополнување на документација од**

**Седница од 06.08.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКУПИ 1927„ Скопје: Абдулкадир Занго од ФК „Нигер Торнадов„ од Нигерија, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Шкупи 1927 АД„ Скопје и фудбалерот Абдулкадир Занго склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години до Летен преоден рок 2021 година.

**Седница од 10.08.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКУПИ 1927 АД„ Скопје: Јахја Ќ. Абдулхади од ФК„Вардар АД„Скопје, чл. 35/3.

ФК „МАКЕДОНИЈА ЃП 1932 АД„ Скопје: Марковски Ј. Дејан од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 35/8.

Миовски Т. Бојан од ФК „Работнички АД„ од Скопје, по член 35/3.

- **Склучување на професионанли договори:**

ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје и фудбалерот Миовски Бојан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години, до Летен преоден рок 2020 година.

ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје и фудбалерот Кировски Кристијан склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 6 (шест) месеци до Зимски преоден рок 2019 година„.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Скопје фудбалерите: Петковски Дарко, Јовановскки Дарио од ФК „Њу Старс„ Скопје, Иванов Даниел, Лазаревиќ Стефан, Филиповски Леонид, Целески Боби, Коцев Стефан и Иваноски Јане од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, Атила Енмре Чан од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Опшптински фудбалски сојуз.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ

за КУП натпреварување во футсал за натпреварувачката 2018/2019 година

Скопје, јули 2018 година

Врз основа на член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 19.07.2018 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ
# ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ФУТСАЛ НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Фудбалскиот куп во футсал на ФФМ е редовно натпреварување.

Во фудбалскиот куп во футсал на ФФМ право да учествуваат имаат сите екипи чии клубови се регистрирани согласно Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери за натпреварување во мал фудбал.

Клубовите чии сениорски екипи се вклучени во системот на натпреварување во Прва и Втора футсал лига во Фудбалската Федерација на Македонија задолжително учествуваат во куп натпреварувањето во футсал.

## Член 2

Бројот на екипите и начинот на куп натпреварувањето го утврдува Комисијата за футсал на ФФМ.

## Член 3

Натпреварувачките парови за КУП натпреварувањето се извлекуваат по пат на ждреб по Бергеров систем пред одигрување на наредниот круг натпревари. Домаќин е клубот со помалиот натпреварувачки број.

Екипите, броевите ги извлекуваат по азбучен ред.

Во случај на откажување од КУП натпреварувањето на екипата која се натпреварува во првенство и се одземаат 3 (три) бода од освоените бодови во првенството.

На екипата која не се натпреварува во тековното првенство во футсал во случај на откажување од КУП натпреварувањето нема да и се дозволи вклучување во КУП натпреварувањето во наредната натпреварувачка сезона.

## Член 4

Фудбалскиот куп во футсал на ФФМ се игра по следниот редослед:

1.

Натпреварите се играат по еднострук систем односно еден натпревар.

Во случај на нерешен резултат веднаш се поминува на изведување пенали за добивање победник според Упатството на Меѓународниот БОРД за добивање победник кој оди во следниот круг со исключок на финалниот натпревар каде се игра продолжение од два пати по пет минути а потоа се преминува на изведување на пенали во случај на понатамошен нерешен резултат.

2.

Во <u>првиот круг</u> учествуваат екипите кои се натпреваруваат во втората футсал лига и екипите кои не се вклучени во првенственото натпреварување.

Доколку бројот на пријавените екипи од првиот круг е помал или поголем од 12 , Комисијата за футсал го определува начинот на натпреварување.

Шест екипи од првиот круг го продолжуваат натпреварувањето во вториот круг.

3.

Во вториот круг (1/8 финале) директно учествуваат десетте екипи кои се натпреваруваат во Првата футсал лига и шесте екипи од првиот круг.

Се играат вкупно 8 натпревари.

4.

Во третиот круг(1/4 финале) учествуваат победниците од натпреварите во вториот круг.

Се играат вкупно 4 натпревари.

5.

Победниците од четвртфиналните натпревари се пласираат во полуфиналето на Купот;
Во полуфиналните натпревари домаќин е клубот кој го извлекол помалиот натпреварувачки број.

6.

Во финалето учествуваат победниците од двата полуфинални натпревари.

**Член 5**

Натпреварите се одигруваат на терени во спортски сали примени од орган на ФФМ согласно Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ за одигрување на натпревари во првата и втората лига.

**Член 6**

Трошоците за службените лица ги плаќа ФФМ.

**Член 7**

Финалниот натпревар се игра во организација на ФФМ.

Управниот одбор на ФФМ на предлог на Комисијата за футсал го одредува местото и времето на одигрување на натпреварот.

**Член 8**

Победникот на финалниот КУП натпревар го освојува пехарот кој останува во трајна сопственост на победникот.

Фудбалерите на двете екипи, стручните штабови, судиите, контролата на судењето, делегатот и мерачот на време од финалниот натпревар, добиваат соодветен медал за учество на финалниот куп натпревар.

**Член 9**

Сите телевизиски и други права од финалниот натпревар ги има Фудбалската Федерација на Македонија.

Приходот од влезниците од финалниот натпревар се дели на три (3) дела, рамноправно на двата клуба финалисти и на ФФМ, откако ќе се одбијат сите направени трошоци околу организацијата на финалниот натпревар.

ФФМ може да договори отстапување на организацијата на финалниот куп натпревар на трето лице .

Распределбата на гратис влезници се прави во договор со финалистите.

**Член 10**

Во случај на направена материјална штета од навивачките групи, истата целосно ја сноси клубот организатор на навивачките групи за што се составува записник на кој присуствуваат овластени лица од ФФМ.

За евентуално несогласување со ваквиот записник, клубот може да побара увид на штетата на лице место со свој претставник.

**Член 11**

За се што не е прадвидено со овие Пропозиции  соодветно ќе се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија , пропозициите за футсал (Прва и Втора лига) и останатите применливи прописи на ФФМ.

Толкување на овие Пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

**Член 12**

Овие пропозиции влегуваат во сила со денот на донесување.

Скопје, 19.07.2018 година

Претседател на ФФМ
Илчо Ѓорѓиоски

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**